Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2025 година**

Се објавува Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 43. седница, одржана на 27.12.2024 година.

Бр. 09-5795/43
27.12.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 43. седница, одржана на 27.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА


1. ВОВЕД
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

3.1 Општо целни групи
3.2 Крајни корисници

4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

4.1. Основни цели/приоритети
4.2. Специфични цели/приоритети
4.3. Одговорни сектори и одделенија
4.4. Поврзаност со други области и сектори

5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

5.1. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ (ЛИГИ) ЦЕНТАР 2025
5.2. АТЛЕТСКИ КРОС - ЦЕНТАР 2025
5.3.ДОДЕЛУВАЊЕ СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
5.4. ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТИСТИ-ПОЕДИНЦИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ
5.5. КУПУВАЊЕ СПОРТСКА ОПРЕМА, РЕКВИЗИТИ И СПОРТСКИ ПОМАГАЛА
5.6. И НИЕ ДЕЦАТА СМЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ

6. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

6.1. КК Работнички АД Скопје


## 1. ВОВЕД

Според Законот за локалната самоуправа и надлежностите на Општината, предвидено е:
- Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;
- Организирање, поттикнување и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во Општина Центар-Скопје;
- Со Програмата, врз основа на финансирањето на проектите во тековната година, ќе се утврдуваат активностите на спортските настани и манифестации од интерес на Општината и пошироко;
- За дел од зацртаните определби во Програмата, а по нејзиното усвојување ќе се распределуваат буџетски предвидените средства за финансирање по пат на барања за поддршка на проектите и програмите на спортските клубови, спортистите/спортистките поединци од нивните матични спортски клубови, спортските здруженија, спортските институции и други организации, а врз основа на тоа и успесите од областа на спортот за тековната училишна и спортска година.

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Проектите што се содржини во Програмата за спорт и рекреација се подготвени во координација со одделението за образование, млади и спорт, Советот на Општина Центар-Скопје и со вработени наставници/наставнички по физичко и здравствено образование во основните училишта во општината.

## 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 3.1. Општо целни групи

Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар за 2025 година таргетира ученички/ученици, наставници/наставнички и спортски клубови од Општина Центар- Скопје.

### 3.2. Крајни корисници

Ученички/ученици, наставници/наставнички и спортски клубови од Општина Центар-Скопје.

## 4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

### 4.1. Основни цели/приоритети

Рекреативен спорт чија цел е да пропагира и да промовира разновидни спортско-рекреативни содржини наменети за ученици, деца, млади, како и за граѓани-жители на Општина Центар-Скопје;

• Масовен спорт со посебно внимание на активностите и вежбите од забавно-рекреативен карактер;

• Заеднички интерес како можност да го обедини, координира и да го реализира рекреативниот спорт со цел да го постави на повисоко спортско ниво;

• Младите да го користат слободното време за спортски активности прифаќајќи ги позитивните вредности што ги нуди спортот, притоа применувајќи и негувајќи ги како животни вредности во иднина;

• Масовно вклучување на младите, при што се промовираат, поттикнуваат, развиваат и се подигнуваат и натпреварувачкиот дух и фер играта;

• Поголем дел од Програмата да се реализира од Општината, а во некои активности Општината да се промовира и да се стави во улога на поддржувач и покровител.

### 4.2.Специфични цели/приоритети

4.2.1 Обезбедување на квалитетна настава за ученичките/учениците во ООУ
4.2.2 Обезбедување на чиста и здрава средина за работа
4.2.3 Обезбедување на поквалитетни услови за инклузивно образование
4.2.4 Обезбедување здрав физички развој на ученичките/учениците
4.2.5 Мотивација и наградување на најдобрите
4.2.6 Обезбедување на квалитетни воннаставни активности и неформално образование
4.2.7 Поттикнување на натпреварувачки дух и фер игра
4.2.8 Развивање на демократски капацитети кај ученичките/учениците
4.2.9 Надминување на социјални разлики меѓу ученичките/учениците
4.2.10 Квалитетно исполнување на времето на ученичките/ учениците и надвор од училишните часови

### 4.3. Одговорни сектори и одделенија

1. Сектор за јавни дејности
2. Одделение за образование, млади и спорт

### 4.4. Поврзаност со други области и сектори

1. Одделение за образование
2. Спортски клубови
3. Финансии

## 5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 5.1. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ (ЛИГИ) ЦЕНТАР 2025

Спортските игри Центар 2025 традиционално се организираат и се реализираат под покровителство и во организација на Општина Центар-Скопје.

Се предвидува во 2025 година да учествуваат повеќе од 500 ученици/ученички од основните училишта во Општината. Натпреварите се играат во лига-систем, по Бергеров модел во повеќе дисциплини, и тоа: кошарка, фудбал, ракомет, одбојка, шах (швајцарски модел), крос, пинг-понг и други спортски активности.

Во реализација на игрите се вклучени вработени од Одделението за образование, млади и спорт, ученици/ученички, наставници/наставнички, судии и делегати од спортските федерации, а присутни се обезбедување, медицинско лице и полиција во рамките на својата надлежност.

**Целни групи:**

- Ученичките/учениците од предметна настава (од VI до IX одделение) во сите спортски дисциплини и ученичките/учениците од (од I до IX одделение) во спортската дисциплина во шах во општинските основни училишта.

**Трошоци:**

- Свечено отворање и затворање на игрите, хонорари за судии и делегати (според официјалните ценовници на судиските федерации), наставници/наставнички ( за формирање, тренинг и учество на екипа во општинска училишна лига 8.000,00 денари, за освоено прво место по спортска дисциплина – 15.000,00 денари, за второ место – 12.000,00 денари и за трето место - 10.000,00 денари), парични надоместоци за: естрадни уметници, забавни групи. Ќе се обезбеди спортска опрема за ученици/ученички, натпреварувачи, наставници/наставнички, соодветни дресови по спортска дисциплина,тренерки, организациони технички трошоци, озвучување, балони и конфети, медицинско лице или итна медицинска помош, освежување (флаширани води од 0.5 литра),кроасани, награди за освоено I, II и III место, пехари, медалји и диоломи.

**Очекувани резултати:**

- Зголемена физичка и ментална активност на ученичките/учениците во развој
- Намалување на болестите на 'рбетниот столб
- Подобрување на состојбата на ученичките/учениците што имаат почетна фаза на 'рбетни заболувања
- Создавање на здрави животни навики кај ученичките/учениците.
- Поттикнување на натпреварувачки дух и фер игра

**Време на реализација**: јануари-мај ноември -декември 2025 година
**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар
**Вкупно средства: 1.600.000.00 денари**
**Овој проект делумно ќе се реализира преку јавна набавка**

## 5.2. АТЛЕТСКИ КРОС - ЦЕНТАР 2025

Општина Центар-Скопје организира атлетски крос со учесници–ученици од основните училишта од VI до IX одделение. Учениците се натпреваруваат во поединечна конкуренција во повеќе категории и делници според возраста и половата припадност, а на најдобрите во натпреварите им се доделуваат соодветни награди (пехари и дипломи) за освоено I, II и III место. Со оваа активност ќе бидат опфатени 320 ученици од сите основни училишта на територија на Општина Центар.

**Целни групи:**

- Ученичките/учениците од предметна настава (од VI до IX одделение) во општинските основни училишта.

**Трошоци:**

- За оваа активност покрај пехари и дпломи за победниците, ќе ни бидат потребни маички во осум различни бои со лого на Општината и име на

училиштето, најмување постамент за прво, второ и трето место, големи чадори-куполи, маси, столчиња, озвучување, медицински лица или медицинска помош, (флаширани води од 0.5 литра), кроасани, траки или спрејови за одбележување на трасата за трчање и озвучување.

**Очекувани резултати:**

- Зголемена физичка активност на ученичките/учениците во развој
- Намалување на болестите на 'рбетниот столб
- Подобрување на состојбата на ученичките/учениците што имаат почетна фаза на 'рбетни заболувања
- Создавање на здрави животни навики кај ученичките/учениците.
- Потикнување на натпреварувачки дух и фер игра

**Време на реализација**: во текот на 2025 година
**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар
**Вкупно средства: 100.000,00 денари**
**Овој проект делумно ќе се реализира преку јавна набавка**

## 5.3. ДОДЕЛУВАЊЕ СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ/СПОРТИСТКИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Спортската стипендија ги опфаќа сите активни млади и талентирани спортисти од училиштата на територија на Општина Центар-Скопје, имајќи ги предвид и нивниот квалитет и успех со кој придонесуваат во промоцијата на Општината и на државата на домашен и на меѓународен план. Доделувањето на стипендиите се спроведува по пат на оглас за аплицирање и според условите за доделување-Критериуми.

**Целни групи:**

- Ученичките/учениците од предметна и одделенска настава (од I до IX одделение) во шах од општинските основни училишта,
- Ученичките/учениците од предметна настава (од VI до IX одделение) во другите спортски дисциплини од општинските основни училишта,
- Како и најдобрите спортисти кои се натпреваруваат во Лига-Центар (најдобар играч, смечер, голман и стрелец).

**Очекувани резултати:**

- Учество на разни натпревари од повеќе области на спортот и претставување на ООУ од Општина Центар
- Создавање вистински вредности и навики кај ученичките/учениците
- Развивање, стимулирање и следење на талентот
- Потикнување на натпреварувачки дух и фер игра

**Време на реализација**: јануари-мај ноември -декември 2025 година
**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар
**Вкупно средства: 1.100.000,00 денар**

## 5.4. ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТИСТИ-ПОЕДИНЦИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Оваа финансиска поддршка ги опфаќа активностите на спортските клубови, спортистите (преку матичните спортски клубови што индивидуално учествуваат според агендите на меѓународните федерации, на спортски натпревари и турнири од балкански, европски или од светски ранг и постигнуваат врвни резултати), спортски институции, здруженија и други организации, како и организирање и спроведување проекти од спортот што со својата активност и квалитет придонесуваат за промоција на спортот, како на домашен, така и на меѓународен план, како и обезбедување спортска опрема, реквизити и спортски помагала за непречено и ефикасно спортување на спортските клубови и спортистите. Доделувањето на средсвата се спроведува по пат на Јавен повик за аплицирање и според условите за доделување-Критериуми.

**Целни групи:**

Спортски клубови, спортисти-поединци, спортски институции, здруженија и други организации од областа на спортот во Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Унапредување и афирмација на спортот во општината
- Афирмација, подобрување и зголемување на спортските успеси на домашен и на меѓународен план

**Време на реализација**: Еднократно, во текот на цела година 2025 година
**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар
**Вкупно средства 3.000.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира преку јавен повик**

## 5.5. КУПУВАЊЕ СПОРТСКА ОПРЕМА, РЕКВИЗИТИ И СПОРТСКИ ПОМАГАЛА

Оваа финансиска поддршка опфаќа купување спортска опрема, реквизити и спортски помагала што ги користат учениците од основните училишта за непречено и ефикасно спортување, со што се овозможува постигнување повисоки спортски цели. Планирана е набавка пинг-понг маси, со кои треба да се промовира овој спорт меѓу учениците, но и кај повозрасните, а можат да ги користат за рекреација по завршување на наставата во училиштата. Исто така предвидена е набавка и на други спортски реквизити, редовно се обновуваат постојните, кои се од интерес за учениците и граѓаните, за кои се обезбедуваат средства за финансирање. Овие спортски реквизити се од огромно значење за нашите ученици и граѓани од аспект на рекреација и унапредување на физичкото здравје. Реализацијата на овој проект зависи од соработката со бизнис-заедницата и добивањето грантови од меѓународни организации и институции, со кои соработуваме или започнуваме соработка.

**Целни групи:**

- Ученички/ученици, наставници/наставнички и основни училишта.

**Очекувани резултати:**

- афирмација, подобрување и зголемување на спортските успеси во општината и надвор од неа.

**Време на реализација**: Во текот на цела 2025 година.
**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар
**Вкупно средства: 0,00 денари**
Оваа активност ќе се спроведе доколку се обезбеди донација или надворешен извор на финансирање.

## 5.6. И НИЕ ДЕЦАТА СМЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ

Основна цел на овој проект е да им ги зголеми капацитетите на децата како активни учесници во сообраќајот. Од една страна, ќе им се посочат позитивните страни од користење велосипед како превозно средство, а, од друга страна, правилата за безбедно учество во сообраќајот. Во исто време ќе се организира и натпревар во вештини за возење велосипед, со што ќе им се укаже дека вештината е многу покорисна и побезбедна од брзината. Овој проект ќе му претходи на проектот „Цел Центар на точак". Победниците на натпреварот од секое училиште ќе добијат симболични награди.

**Целни групи:**
- Ученичките/учениците, наставници и основни училишта.

**Очекувани резултати:**
- Поголема безбедност во сообраќајот
- Запознавање на учениците со сообраќајните правила
- Развој на натпреварувачкиот дух кај децата

**Време на реализација**: Во текот на цела 2025 година.
**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација-Општина Центар
**Вкупно средства: 50.000,00 денар**

## 6. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

### 6.1. КК Работнички АД Скопје

**Активност/настан:** КК Работнички АД Скопје, учество во лига-системи
Организатор: КК Работнички АД Скопје.
**Време на реализација:** Во текот на цела 2025 година
**Учесници:** Сите категории на клубот
**Очекувани резултати:** Традиција, развој и унапредување на кошарката и промовирање на домашната и на меѓународната сцена
**Вкупно средства: 12.000.000,00 денари**

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **17.850.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година.

Според можностите во тековната година, определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации. За активностите што ги опфаќа Програмата според нивната актуелност, општествен интерес и квалитет, а може да се појават во текот на 2025 година, можно е да бидат предвидени и дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници на социјална помош по пол за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови.

Активностите и реализацијата на оваа Програма ги следи Советот на Општина Центар-Скопје и неговите соодветни работни тела (комисии).
По реализацијата на проектите предвидени со оваа Програма, секој организатор и реализатор е должен до Советот на Општина Центар-Скопје да достави извештај за реализираниот проект.

| LOO | Спорт и рекреација | Вкупно расходи |
|---|---|---|
| 42. | Стоки и услуги | **17.850.000,00** |
| 425990; 426990 | Училишни спортски игри<br>Лига Центар 2025<br>Атлетски крос –Центар 2025 | **1.700.000,00** |
| 464120 | Спортски стипендии на талентирани спортисти од подрачјето на Општина Центар-Скопје | **1.100.000,00** |
| 463120 | Финансиска подршка на спортски клубови и спортисти | **3.000.000,00** |
| 480190 | Купување спортска опрема, реквизити и спортски помагала. | **0,00** |
| 426990 | И ние децата сме учесници во сообраќајот | **50.000,00** |
| 463120 | КК Работнички – учество во лига-системи | **12.000.000,00** |

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5795/42
27.12.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска